




# *Кодекс за однесување на наставниците при (online) настава*

Наставникот како квалификувано и стручно оспособено лице кое дидактичко-методски ја обликува наставата и го насочува развојот на учениците треба да ги знае своите права и одговорности во реализирањето на воспитно-образовниот процес. Од наставникот се бара да биде стручен, професионален, совесен, креативен, да биде пример за грижливост и моралност за своите учениците при реализирањето на наставниот процес. Во однос на промените кои ги носи тековната состојба со КОВИД пандемијата и наставниот процес преку учење од далечина наставникот интерактивно ќе соработува со ученикот преку онлајн учење. Во овој контекст потенцирајќи го императивот на сопственото професионално однесување наставникот треба да ги применува и почитува следните правилата за учење од далечина:

- овој вид на настава, додека трае оваа состојба, е формален вид на настава одобрен од Министерството за образование и наука;
- за настава за учење од далечина се употребува Националната платформа која овозможува двонасочна интеракција и комуникација на наставникот и ученикот;
- наставата на далечина се реализира според однапред изготвен распоред на часови, а наставниот час ќе трае 35 минути и 5 минути за приклучување;
- наставата за учење од далечина, наставниците ќе ја реализираат од училница во училиштето со користење на Националната платформа;
- во случај на слаба конекција на интернет во училиштето наставникот часот може да го одржи и од дома по претходно добиена согласност од директорот;
- начинот на реализација на практичната настава и феријалната практика ќе биде реализиран согласно со епидемиолошката состојба од пандемијата;




- Националната платформа овозможува организација на содржините во форма на е-училница;
- наставникот поставува содржини, документи, презентации;
- дефинира активности кои треба да ги сработат учениците;
- испраќа соопштенија до учениците;
- поврзува надворешни содржини од ЕДУИНО;
- дава повратни информации за испратените домашни задачи од учениците;
- креира и одржува тестови;
- креирање на е-лекции;
- онлајн тестовите да содржат прашања кои имаат кратки одговори, избор на еден или повеќе точни одговори, дополнување, според можностите на учениците;
- за учениците кои работат по индивидуален образовен план наставникот содржините ги креира по програмата за индивидуализација – тестови, домашни задачи;

- Националната платформа овозможува детално следење на активностите на наставниците и учениците;
- наставникот редовно го евидентира часот и постигнувањето на ученикот;
- проверката на знаењата на учениците ќе биде организирана согласно со епидемиолошката состојба, а ако постојат услови, може да биде и со физичко присуство во училница по групи. Насоки за тоа како ќе се вреднуваат знаењата на учениците ќе бидат истакнати на Националната платформа;
- по завршувањето на процесот на проверката раководителот на паралелката по електронски пат го известува родителот за постигнатиот успех на неговото дете, утврден на класен и Наставнички совет;
- доколку ученикот кој следи настава со учење на далечина не се вклучи на платформата повеќе од пет дена, се известува стручната службата во училиштето и се спроведува разговор со родителот за неопходноста за задолжително следење на онлајн наставата;
- за нередовно присуство на настава се едвидентира неоправдан изостанок и се изрекуваат педагошки мерки согласно со Законот за средно образование;
- почитување и меѓусебна соработка помеѓу наставниците и споделување на материјали;
- води редовна и перманентна консултативно-советодавна работа со родителите преку онлајн средби.